Врз основа на член 9 од Законот за јавни претпријатија (Сл.весник на РМ 38/96) и член 42 став 1 точка 40 од Статутот на општина Облешево (сл. гласник на општина Облешево бр. 1 / 97, советот на општина Облешево на седницата одржана на ден 30.10.1997 донесе : **Акт за основање на Јавно Претпријатие за Комунални дејности во општина Облешево.**

Со законот за измена на законот за територијална организација на Република Македонија (Сл. весник бр. 12/2005), општините Чешиново и Облешево се споени во една општина Чешиново-Облешево со седиште во Облешево.

Јавно претпријатие за комунални дејности ОБЛЕШЕВО
БР. 01-488/1
27.12. 2021 год.
Чешиново-Облешево

# П Р О Г Р А М А

## ЗА РАБОТА НА ЈПКД „ОБЛЕШЕВО" – ОБЛЕШЕВО ВО 2022 ГОДИНА

**ДЕКЕМВРИ 2021година**

Програмата за работа на ЈПКД „Облешево" – Облешево претставува збир на планови и активности кои можат да се предвидат за реализација во наредната 2022 год. Од искуството е познато дека во текот на годината редовно се јавуваат и активности и работи кои не се предвидени и ставени во Програмата, а сами по себе бараат неодложно решавање.

Програмата е во склад со одлуките на органот на управување и одлуките на Советот на општина Чешиново-Облешево.

Во Зависност од можностите, финансиските средства и обемот на работа, претпријатието во 2022 година планира да работи по следната програма:

## ВОДОДСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

### 1) ВОДСНАБДУВАЊЕ

Инвестиционо и тековно одржување:

1) Вградување и замена на водомери;
2) Градежнички, електромашински, браварски и други работи за редовно одржување на бунарите;
3) Поправка на дефекти и истекувања на водомерните шахти;
4) Одржување и чистење на резервоарите за вода;
5) Редовно хлорирање и контрола на исправноста и безбедноста на водата;
6) Водење систематска евиденција за сите параметри на еден водоснабдителен систем.

Во предстојната година мора да се направат максимални напори за преземање на локалните водоводи кои сеуште се под управување на месните заедници, за што клучната улога треба да ја одигра локалната самоуправа. Ние во повеќе наврати укажувавме на потребата од спроведување на законската регулатива во оваа дејност, што претставува нужност за да може комуналното претпријатие да се екипира кадровски и технички и ја извршува услугата во согласност со строгите пропишани законски стандарди кои постојано се бараат од нас од надлежните инспекциски служби, кои со постојната поставеност не можеме да ги исполниме.

Останатите активности ќе зависат од реализација на инвестиционите планови на општината, пред се на водоводната линија Облешево – Чифлик – Чешиново-Уларци, пришто јавното претпријатие ќе земе активна улога во напорите за ставање во функција на овој систем.

### 2) ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Во делот на одведување на отпадни води за 2021 предвидено е да се преземат на управување новоизградените канализации во населените места Спанчево, Бање и Соколарци и отпочнување со наплата на такса за одржување, од што очекуваме и позитивни финансиски ефекти.
Во тековното извршување на оваа дејност се предвидени следните активности:

1. Поправка на оштетените шахти
2. Редовно чистење, испирање и одржување на мрежата
3. Активности за одржување и следење на работата на пречистителната станица во Кучичино
4. Чистење на одводниот канал во кој се слева канализацијата во Облешево.
5. Одстранување на дефекти на мрежата.
6. Поправка на пумпата од пречистителната станица во Чешиново.

## 2) ЈАВНА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

**Собирање и депонирање на смет**

Во годината која следи ќе се продолжи со активности за унапредување на извршувањето на услугата собирање на смет. Крајна цел е воспоставување на адекватен и ефикасен систем на управување со отпад, во кој јасно се дефинирани обврските на сите вклучени субјекти во процесот. Она на кое упорно инсистираме и се обидуваме да ги едуцираме корисниците е намалување на количината на создаден отпад на максимум 120 литри неделно. Како оператор на оваа комунална дејност, ќе можеме да пружиме поквалитетна услуга по обем и динамика, доколку се подобри почитувањето на комуналниот ред на ниво повисоко од сегашното. Главни оперативни цели и активности кои планираме да ги преземеме во наредната година се:

1. Редовно собирање на сметот од домаќинства и правни лица
2. Систематско следење и водење на евиденција за сите параметри на работењето при извршување на услугата, изготвување на извештаи и нивно доставување до надлежните институции.
3. Стопроцентен опфат на домаќинствата од селата каде се собира отпад со оваа услуга.
4. Стопроцентен опфат на правните лица од истите населени места.
5. Чистење на диви депонии.
6. Тековно и инвестиционо одржување на депонијата Бућески дол.

Средствата за собирање, транспортирање на комуналниот отпад, се остваруваат од надоместокот што го плаќаат корисниците за извршената услуга. Во услови кога сеуште сме далеку од имплементација на законските одредби кои предвидуваат

пресметка на надоместокот по единица мерка – метар кавадратен станбена и дворна површина, надоместокот се пресметува по рамна месечна тарифа и истиот износува 100 денари за домаќинства, 300 денари за правни лица. Во повеќе наврати сме укажувале дека со оваа цена не се остварува поврат на трошоците, а мора да се размислува, дискутира за поправично димензионирање на цената во овој сегмент, притоа секако имајќи ги во предвид и економската способност како и волјата за плаќање на корисниците.

## Одржување на патишта, јавна чистота и паркови и зеленило

Овие дејности ЈПКД Облешево ќе се извршуват по годишна Програма за паркови и зеленило која дополнително се усвојува од страна на општинскиот Совет. Со неа ќе бидат опфатени следните работни активности:

- Одржување на сите уредени површини опфатени со зеленило;
- Одржување на парковите во Облешево, Чешиново и Соколарци;
- Оддржување на хортикултурно-уредените локации во населените места
- Оддржување на фудбалското игралиште во с.Чешиново
- Замена на уништени корпи за отпадоци и клупи со нови;
- Редовно косење со тракторска косилка на банкините од локалните патишта на територија на општината, како и рачно отстранување и кастрење на обраснатата сезонска вегетација и жбунови кои ја оневозможуваат прегледноста на кривините од локалните патишта;
- Санација од помали размери на локални патишта (затворање на дупки, тампонирање и сл.)

Зимското одржување на локалните патишта за потребите на оппштината го извршуваме самостојно по меѓусебен договор. за таа цел располагаљме со градежна машина – скип со вграден нож за ринење снег, како и расфрлач на сол и песок. Склучениот договор за зимско одржување со важност до 15 Март 2022 година, а се однесува на чистење, т.е. сринување на наноси од снег на локалните патишта според приоритет, дефинирано со Програмата, како и расфрлање на песок и сол на критичните патни правци.

## Улично осветлување

Во уличното осветлување изминатата година е извршена комплетна реконструкција и реконструираната мрежа е предадена на одржување на друг изведувач. Сепак, и овде продолжува нашата обврска за покривање на сите оние работи кои не се предвидени во договорот на новиот изведувач, а тоа се пред се - настанати

придонесуват за надминување на постоечките слабости. Како области каде посебно се потребни обуки и активности за градење капацитети се: финансиското и административно работење, техничката стручност, донесување на повеќе внатрешни правилници со кои ќе се уреди и регулира начинот на извршување на дејностите, посебно во делот на водоснабдувањето, подигнување на свеста на корисниците, техники за воспоставување на дијалог и соработка помеѓу комуналното претпријатие и јавноста.

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 ГОДИНА

## 1. ПРИХОДИ:

### 1.1 Приходи од корисници

| | |
|---|---|
| Пазар | 600.000,оо |
| Смет | 2.700,000,оо |
| Канализација | 410,000,оо |
| Вода | 1.200.000,оо |
| Одржување на гробишта | 600.000,оо |
| Услуги со градежна механизација | 200.000,оо |
| | **5.410.000,оо** |

### 1.2 Приходи од општина Чешиново-Облешево

Услуги кон општина Чешиново – Облешево:

| | |
|---|---|
| 1. Зимско одржување на локални патишта | 160.000,оо |
| 2. Одржување на јавна чистота: | 80.000,оо |
| 3. Паркови и зеленило | 600.000,оо |
| 4. Улично осветлување | 300.000,оо |
| 5. Ангажирање сезонски работници по програма на општ. | 750.000,оо |
| | **1.890.000,оо** |

**ВКУПНО : 7.600,000.оо денари**

## РАСХОДИ :

| | |
|---|---|
| 1. Бруто плата | 4.700.000 |
| 2. Сезонски работници | 750.000 |
| 3. Договори за дело | 200.000 |
| 4. Горива, мазива | 600.000 |

5. Набавка на алат, работни одела и заштитна опрема ------------------- 20.000
6. Машински алат ---------------------------------------------------------------- 20.000
7. Набавка на сол и ризла ---------------------------------------------------- 40.000
8. Електрична енергија ------------------------------------------------------- 650.000
9. Телефон, интернет, ПТТ услуги -------------------------------------------- 30.000
10. Канцелариски материјали, нарачка на сметки -------------------------- 50.000
11. Трошоци за сметководство ------------------------------------------------ 100.000
12. Регистрација, сервисирање и одржување на возила ----------------- 80.000
13. Поправки на возила и резервни делови ---------------------------------- 50.000
14. Елементи и материјали за водовод и канализација ------------------- 70.000
15. Градежни материјали ------------------------------------------------------ 30.000
16. Надомест на членовите на Управен и Надзорен одбор ---------------- 50.000
17. Одржување на апликативен софтвер, вага, фискални каси ---------- 20.000
18. Анализи на вода ----------------- ----------------------------------------- 60.000
19. Судски, нотарски и адвокатски трошоци --------------------------------- 30.000
20. Репрезентации --------------------------------------------------------------- 30.000
21. Камати, такси, провизии --------------------------------------------------- 20.000

**ВКУПНО : 7.600.000,оо**

ЈПКД „ОБЛЕШЕВО" – ОБЛЕШЕВО
Директор
Стојка Стојанова